Се финализираше постапката за избор на грантовите за транспарентност, по што се доделија седум грантови на следните граѓански организации:

- Ромска асоцијација за жени и млади – Лулуди – Скопје
- Здружение на граѓани – Младите можат
- Здружение Лидери за едукација, активизам и развој Скопје
- Доброволно противпожарно друштво- Св. Николе
- Центар на заедницата на општина Струга
- Младински совет- Прилеп
- ЛГБТ Јунајтед - Тетово



Со помош на овие грантови здруженијата ќе спроведат **организациски ревизии**; ќе изготват и објават
**организациски извештаи**
; ќе подготват
**комуникациски стратегии**
; ќе изработат
**веб страни**
; ќе се обучат за транспарентно и отчетно работење;
**ќе ја вклучат јавноста во планирањето**
на активностите; ќе стекнат нови вештини за к
**користење на онлајн алатки**
за известување; ќе организираат
**отворени денови**
; итн. Овие активности ќе придонесат кон подобри практики за транспарентно известување на организациските проекти и активности и ќе ги доближат организациите до своите корисници.

Грантистите делуваат во **шест различни сектори** и тоа млади; наука, образование и доживотно учење; економски и одржлив развој; човекови права и антидискриминација; граѓанско учество и локална демократија; а едно е професионално здружение.

Тие доаѓаат од **пет различни региони** и тоа три се од скопскиот, а по еден од вардарскиот, пелагонискиот, југозападниот и полошкиот регион. Во поглед на искуството, две се активни последниве три години, четири имаат искуство меѓу седум и 10 години, а една е активна веќе 20 години.


СКОПСКИ
3
ПОЛОШКИ
1
ВАРДАРСКИ
1
ЈУГОЗАПАДЕН
1
ПЕЛАГОНИСКИ
1

[illegible]